## ПОДГОТВИТЕЛНИ ПОСЕТИ

| Р.Б. | ПРАШАЊЕ | ОДГОВОР |
|---|---|---|
| 1 | Дали може индивидуално да се аплицира за грантовите на акцијата Подготвителна посета или мора да си претставник на некоја институција/организација? | Како индивидуалец не може да се аплицира. Може да се аплицира само како претставник од легална регистрирана институција која е вклучена во општото образование и можат да аплицираат за фондовите на Подготвителната посета. |
| 2 | Колку пати може да се аплицира за фондовите на акцијата Подготвителна посета за да се посети партнер-институција или да се присуствува на Контакт-семинар? | Вашата организација/институција може да аплицира само еднаш годишно за Подготвителна посета. Со подготвителна посета може да се посети некоја партнер-институција или да се присуствува на Контакт-семинар. |
| 3 | Која е разликата помеѓу контакт семинар и подготвителна посета? | Контакт семинар е настан за пронаоѓање партнер, организиран од НА. Семинарите генерално се организирани на одредена тема,на пример, интеркултурен дијалог или здрави училишта, и ќе вклучи повеќе учесници од цела Европа кои исто така бараат партнер институции.<br>Во подготвителна посета потенцијалните партнери се веќе најдени, и еден од нив е домаќин на планирањето и дискутирањето за нивната партнерска тема. |
| 4 | Кој е квалификуван да присуствува на контакт семинар? | Кој било член на персоналот од Комениус квалификувана институција кој е на нивниот платен список може да аплицира за финансиски средства за присуство на Комениус контакт семинар. |
| 5 | Кога се крајните рокови? | Ги замолуваме институциите да ги поднесат апликациите најмалку шест недели пред планираната подготвителна посета за да имаме доволно време да ја обработиме апликацијата. Контакт семинарите имаат нивни крајни рокови. |

Порта Буњаковец А2-1, МК-1000 Скопје, Република Македонија; тел. (02) 3109 045, факс. (02) 3109 043
Веб: http://www.na.org.mk; е-пошта: info@na.org.mk

| | | |
|---|---|---|
| 6 | Дали може да аплицираме за подготвителна посета ако претходно сме учествувале на контакт семинар? | Не, вие може или да учествувате на подготвителна посета или на контакт семинар, но не и на двата настани во истата договорна година. |
| 7 | Каде може да се одржуваат подготвителните посети? | Подготвителните посети мора да се одржат во инстиитуција во една од земјите учеснички. Не може да се одржи во конференциски центар во земјата домаќин. |
| 8 | Колку членови на персоналот може да земат учество на подготвителна посета или на контакт семинар? | Од персоналот може да биде финансиран само еден апликант за учество на подготвителна посета, и на контакт семинар може само еден апликант да учествува. Финансирањето го покрива вашето патување, и вашите трошоци за живот. |

Порта Буњаковец А2-1, МК-1000 Скопје, Република Македонија; тел. (02) 3109 045, факс. (02) 3109 043
Веб: http://www.na.org.mk; е-пошта: info@na.org.mk